Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2073/1 од 04.08.2025 година, со наводи за сомневање за неправилности во постапка по извршен предмет, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-2073/1 од 04.08.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.08.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка по извршен предмет и оформен е предмет број 12-2073/1 од 04.08.2025 година.
Во пријавата подносителот, без да изнесе наводи за коруптивни дејствија, изнел наводи за неправилности во постапувањето на извршителот /// (ул. /// бр./// ///) во извршен предмет во кој, поради личен долг на вработен во правното лице ///, од сметката на правното лице наводно биле повлечени средства, без известување, без судско решение и налог за извршување.
Подносителот на пријавата смета дека во конкретниот извршен предмет се злоупотребени податоците на правното лице, и дека постапката е извршена спротивно на процедурите за спроведување на извршување според Законот за извршување, со што е сторена финансиска штета на правното лице.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК ги зеде предвид одредбите од членот 86 од Законот за извршување („Сл.весник на РСМ“ бр. 72/2016, 142/2016, 178/2017,

26/2018, 233/2018, 14/2020, 136/2020, 154/2023), каде се регулирани аспектите на поднесувањето на приговор за незаконитости при извршувањето и каде е определено дека странката, учесникот или трето лице коешто смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито, или пак пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје извршувањето, или пак дел од него, се спроведува. Судот со решението со кое го усвојува приговорот, ги утврдува сторените незаконитости и ги става вон сила преземените извршни дејствија, или пак го утврдува пропуштањето за преземање на определено законско дејствие. Судот со решението не може да го запре извршувањето, ниту да го задолжува извршителот да презема извршни дејствија.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата